Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 17 од Изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 171/24), и член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2019 година - , точка 25**, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

Арх.Бр.11 – 594/17

Дата:_10.06.2025година
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на Повторна Јавна Презентација и Повторна Јавна Анкета за Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.4 и 6.5-дел, УЕ 10, дел од Блок 10.2 и УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЦЕНТАР" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци**

**Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.4 и 6.5-дел, УЕ 10, дел од Блок 10.2 и УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЦЕНТАР" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** се наоѓа во централното градско подрачје од градот Кавадарци и го дефинираат следниве параметри:

Граници на планскиот опфат се :
**на север**-улица Пано Мударов и Цано Поп Ристов
**на исток** улица Зелен Пазар до пресек со ул 7-ми Септември, продолжува на југ со Браќа Џунови
**на југ** улица Браќа Хаџи Тефови и улица Миле Вчков па свртува кон север по ул.Тиквешко востание
**на запад** улица Фердо Росомански, па улица Климент Охридски и и злегува на улица Мито Хаџи Василев Јасмин па до пресек со улица Јадранска и на крај спој со улица Пано Мадуров

Површината на планскиот опфат изнесува 9,79 ха.

**Повторна Јавна Презентација и Повторна Јавна Анкета** ќе се спроведе со излагање **УЕ 6, дел од Блок 6.4 и 6.5-дел, УЕ 10, дел од Блок 10.2 и УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЦЕНТАР" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци,** во просториите на Општина Кавадарци.
Повторната Јавна анкета ќе трае од **16.06. 2025 до 20.06.2025 година, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот**.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторната Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **17.06.2025 година (вторник) во 13:00 часот** во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**д-р Митко Јанчев**